Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19)), член 188 став (1) точки 8) и 9) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 14/20), член 15 од Законот за извршување на буџети („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 307/20) и член 5 став 2 од Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот, воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија, бр. 01-1582/1 година, министерката за одбрана донесе

## РЕШЕНИЕ

**за утврдување на висината на надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и служба под посебни услови**

1. Висината на надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти, изнесува 700,00 (седумстотини) денари.
2. Висината на надоместокот за ангажирање во вонредна состојба, изнесува 910,00 (деветстотини и десет) денари.
3. Висината на надоместокот за ангажирање во кризна состојба, изнесува 910,00 (деветстотини и десет) денари.
4. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за утврдување на висината на надоместокот за вршење на стражарска служба, служба на посебни воени објекти, за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови бр. 02-689/1 од 28.01.2021 година.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил:пполк. Емилија Ѓуриќ
Согласен: Цвета Спасеска
Одобрил: Драган Николиќ

Бр.02-1582/2
15-03-2021 година
Скопје

**МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА**
Радмила Шекеринска Јанковска

10355

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 14-1582/3
15-03-2021 20
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

До: - Началник на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски
- Државен секретар
- Декан на Воена академија

Предмет: Правилник за начинот на исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал во Армијата на Република Северна Македонија

Во прилог доставувам нов Правилник за начинот на исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал во Армијата на Република Северна Македонија.

Заради поефикасно користење на организираниот превоз и намалување на трошоците за превоз до и од работа, како и заради спречување на нотираните злоупотреби се пристапи кон подетално уредување на надоместокот за превоз до и од работа во членовите од 6 до 9 од Правилникот.

Имено, доколку на дел од патниот правец има организиран превоз, надоместокот за меѓуградски превоз се признава од местото на живеење до најблиското место од каде е обезбеден организираниот превоз. Пример: на патниот правец Делчево -Куманово, постои организиран превоз од Кочани до Куманово. Лице кое живее во Делчево, а работи во Куманово има право на надоместок за релацијата Делчево - Кочани, врз основа на документи кои се пропишани со Правилникот, но само доколку во наведените денови потврдено користел организиран превоз од Кочани до Куманово.

Исплатата може да се изврши ИСКЛУЧИВО ако е доставена целокупната документација и потпишана од соодветните раководни лица.

Началникот на ГШ, со наредба да го пропише начинот на донесување на решенија, и примена на одредбите од новиот Правилник.

За лицата кои на патните правци од местото на живеење до местото на работа, за дел од патниот правец имаат организиран превоз, потребно е да се донесат нови решенија со важност од денот на донесување на новиот Правилник.

Изработил:пполк. Емилија Ѓуриќ
Согласен: Цвета Спасеска
Одобрил: Драган Николиќ

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска Јанковска

Министер
Министерство за одбрана

Ул. Орце Николов бр. 116, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 328 2002
www.mod.gov.mk